**Година 2003, февруари, број 14**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

## ПРОМОЦИЈА НА ЗАВРШЕНИ СТУДЕНТИ 2002

На ден 14.02.2003 во 11 часот во Амфитеатарот се одржа промоција на завршените студенти на факултетот и тоа:

- 4 магистри (VII-2 степен)
- 117 дипломирани машински инженери (VII-1 степен)
- 27 машински инженери (VI-1 степен)



На промоцијата од факултетот беа наградени најдобрите дипломирани студенти, најдобрите дипломски работи, најдобрите студенти по студиските години. Најдобриот студент, Александар Костиќ (10.00) доби вредна награда: ослободување од надоместот за постдипломски студии на Машинскиот факултет.

Фондацијата Стамболиев ја додели традиционалната награда на најдобриот студент на Машинскиот факултет

На промоцијата како спонзори се појавија и Инженерската Институција на Македонија и Електростопанство на Македонија. Првите доделија награда на најдобриот студент а ЕСМ додели парични награди на изработувачите на најдобрите дипломски работи по насоки кои ги одбра факултетот, а кои имаат врска со поширокиот интерес на ЕСМ.

Како спонзор се појави и јавното сообраќајно претпријатие - Скопје кое подари комплет дресови (професионални) и фудбалска топка на екипата за мал фудбал на МФС.

Сојузот на студенти доби персонален компјутер а редакцијата на весникот "Да Винчи" дигитален апарат. Кошаркарите добија кошаркарска топка.



Потоа во Амфитеатарот се изврши подигање на дипломите по што следеше коктел во новото бифе.

## 6-ТА РАМКОВНА ПРОГРАМА

Во домот на АРМ во организација на Министерството за образовани и наука се одржа средба за промоција на 6-та Рамковна програма за земјите од Балкан и Црноморскиот регион. Координатор на средбата беше државниот секретар Зоран Поповски а гостуваа експерти од Словенија и ЕУ. Од МФС учествуваа деканот, продеканите и други заинтересирани професори.

Подетални информации и материјали кај продеканот за наука, проф. д-р Миле Димитровски.

## СРЕДБА

Во Холидеј Ин на 12 и 13 02 2003 се одржа средба меѓу преставници на универзитетите, министерството за образование и наука и странски експерти во врска со имплементацијата на Болоњскиот процес за трансформација на високото образование. Учесници од МФС беа деканот и продеканите.

Подетални информации кај продеканот за наука, проф. д-р Миле Димитровски.

## ПОСЕТА

На ден 5 и 6 02.2003 МФС го посетија проф. д-р Милиновиќ Милоје и проф д-р Цветковиќ Радоје од МФ Белград, отсек воено машинство. На средбата се разговраше за соработката помеѓу МФС, МФ од Белград, отсек Воено машинство и Воената Академија од Скопје.

## КОНФЕРЕНЦИЈА

Од 17.02.2003 до 19.02.2003 во Солун се одржа ‘Conference for the promotion of 6 Framework Programme to countries of the balkan and Black Sea Region”. По покана од Министерството за наука и образование на конференцијата учествуваше проф. д-р Миле Димитровски.

Подетални информации и материјали може да се добија кај него.

## НОВ БРОЈ НА ТЕЛЕФАКС

Новиот број на телефаксот на МФС е **399-298**. Стариот телефакс 362-298 ќе биде во функција уште извесно време.

## НАТПРЕВАР

На 13.02.2003 се одржа натпреварот TIMES 2003 (Tournament in Management and Engineering skills) кој се одржува секоја година под покровителство на ESTIEM (European Students for Industrial Engineering and Management). На натпреварот учествуваа 3

екипи од насоката индустриско инженерство. Решаваа проблем зададен од организаторите од Амстердам. Комисијата во состав доц. Д-р Р. Поленаковиќ, доц. Д-р Р. Миновски и г-ѓа С. Петровска, извршен директор за маркетинг и логистика на Мобимак за победници ги прогласија студентите: Кичевски, Тозија, Богоевски и Шотаревски. Тие ќе ја преставуваат Македонија на полуфиналниот натпревар кој ќе се одржи на 15.03.2003 во Будимпешта. Патните трошоци ќе ги покрие Мобимак. Им осакуваме успех на нашите студенти.

## БИБЛИОТЕКА

Набавени се примероци од следниве книги:

1. Давчев Т.: "Современи системи на бензиски мотори" Скопје, АМСМ 1996
2. Давчев Т.: "Системи за кочење на моторните возила" Скопје, АМСМ 2000

## О Т С У С Т В А

1. Асистент м-р Аџиев Ѓорѓи, студиски престој во Германија заради реализирање на активностите на меѓународниот Темпус Проект IB-JEP-16047-2001. Престојот се реализира од 15.02 до 15.03.2003 година.
2. Проф. д-р Иван Мицкоски, асистент м-р Виктор Гаврилоски и помлад асистент Христијан Мицкоски, студиски престој на Техничкиот Универзитет во Софија, Р.Бугарија заради реализирање на активностите на научниот проект Мехатроника. Престојот е реализиран од 9 до 13.02. 2003 година.
3. Асистент д-р Никола Тунески, студиски престој во Нови Сад, СР Југославија заради реализирање на научноистражувачки проект. Престојот е реализиран на 3 и 4.02.2003 година.
4. Проф. д-р Томислав Златановски учествуваше на Информативната конференција на Германија за промоција на 6 -та Рамковна Програма на ЕУ како репрезент на Македонија делегиран од МОН на РМ. Конференцијата се одржа на 3 и 4 .2.2003 во Хановер, Германија. Информации и увид во материјалите од конференцијата на телефон: 399-233 и 374-145.
5. Помлад асистент Роза Ацеска патување во Нови Сад, СР Југославија заради учество на Зимската школа за Нелинеарни Парцијални Диференцијални Равенки со сингуларитети. Престојот е реализиран до 6 до 14.02.2003 година.
6. Доцент д-р Кочо Анѓушев, патување во Белград, СР Југославија заради договарање на активности за соработка на нови проекти од областа на енергетиката со повеше фирми од СР Југославија. Престојот е реализиран од 29 до 31.01.2003 година.
7. Доц. д-р Валентина Гечевска, студиско патување во Истанбул, Турција заради посета на Техничкиот универзитет.Престојот е реализиран од 18 до 23.02.2003 година
8. Проф д-р Тодор Давчев, патување во Женева заради учество во работата на Комисијата за екологија на FIM (Меѓународна федерација за мотоциклизам). Престојот е реализиран од 20 до 23.02.2003.
9. Проф. д-р Миколај Кузиновски, студиски престој на Институтот за Технологија на машини и автоматизација при Вроцлавската политехника со цел размена на искуствата и резултатите од досегашната соработка како и потпишување нов договор за соработка. Престојот ќе се реализира од 3 до 10.03.2003 година
10. Проф. д-р Тодор Аџиев и проф. д-р Јован Гочев, службено патување во Кина заради реализирање на активности на проектот "Козјак" по договор склучен со ЕСМ. Престојот се реализира од 20.02 до 5.03.2003 година.

11. Доц. д-р Кочо Анѓушев, доц. д-р Даме Коруноски, асистент м-р Игор Ѓурков и асистент м-р Златко Петрески студиски престој во Нови Сад, СР Југославија со цел обука на софтверски пакет за ракување со опремата набавена во Институтот за МКММВ и Институтот за механика.

Престојот е реализиран од 23 до 26.02.2003 година.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**27.03.2003**
**28 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ**
**ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

***ИНФОРМАТОРОТ ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ПОСЛЕДЕН ЧЕТВРТОК ВО МЕСЕЦОТ И ПО ПОТРЕБА***

**Техничко уредување:**

*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*